**ЛОКОМОТИВА**
**Центар за нови иницијативи во уметноста и културата**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2011г.

## I. КРАТОК ОПИС НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата е основана во 2003 година во Скопје, како здружение на граѓани кое ја превзема улогата на повеќенаменска платформа за образование, рефлексија, дискусија, креативни проекти и критичко размислување. Локомотива е мала организација, но е многу активен учесник во градењето и развојот на демократскиот социо-културен простор во Македонија и регионот на поранешна Југославија. Преку нејзините активности, Локомотива има за цел да овозможи подобар пристап на граѓаните до уметничките и културни настани и проекти и да влијае на развојот и поддршката на современа и динамична уметност и култура, како поттик во развојот на демократското општество.
Локомотива е еден од најпочитуваните непрофитни организации во областа на уметноста и културата во регионот на поранешна Југославија, како и во Европа. Нејзината репутација се должи на развојот и успешното спроведување на бројни проекти, како што се филмови, претстави, образовни програми и програми за развој на капацитети, дебати, истражувања во доменот на културните политики, дискусии, и многу повеќе. Во реализација на проектите, организацијата и дава приоритет на регионалната и меѓународната соработка. Локомотива е ко-основач на проектот - мрежата на НОМАД танцова академија и фестивалот за современ танц и перформанс - Локомоушн. Од своето основање, организација има активна улога во развојот на локалните културни политики.

**Визија**
Локомотива да биде платформа, динамично и отворено место за креација, извор на информации, платформа за развој на нови дискурси и идеи, иновативни современи дела кои ќе поттикнат социјални и културни развојни промени на национално, регионално и интернационално ниво.

**Мисија**
Локомотива, своето делување да го насочува кон креирање на нова и динамична граѓанска средина во Македонија како простор за рефлексија, дискусија и креација кој ги застапува потребите на актерите на сцената и ги артикулира во нови современи дела.

**Главна цел** на Локомотива е да развива нови модели на културна продукција и политика преку активности во полето на современите уметности-изведувачки уметности (со фокус на современ танц), видео, експериментални и документарни филмови, застапувачки активности за учество на граѓанскиот сектор во креирање и имплементација на културни политики и активности за јакнење на капацитети на единиците на локална самоуправа и културниот сектор (јавен и граѓански) со цел развој на партицпативни модели на креирање на територијални стратегии и програми за развој преку културата.

**Целни групи:**

- Уметници: млади танчери и кореографи (студенти по музика и балет во средно училиште, студенти по современ танц на отсекот за балетска педагогија, при Музичкиот факултет, самостојни кореографи и танчери од балканскиот регион, студенти и дипломирани тетарски режисери и глумци, и.т.н), млади филмски работници и визуелни уметници (студенти и дипломци од Факултетот за Драмски уметности и независни филмаџии и глумци)


**Локомотива–Центар за нови иницијативи во уметноста и културата**
Ѓуро Ѓаковиќ 39/3, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +38923245726, www.lokomotiva.org.mk, contact@lokomotiva.org.mk

- Културни работници од граѓанскиот сектор, неформални уметнички асоцијации, артивистички и активистички групи, маргинализирани и суб-културни групи кои го претставуваат независниот културен сектор и слични организации кои работат во полето на родовата сензибилизација и граѓанските права.
- Национални и локални јавни културни институции во земјата.
- Креатори на политики, носачи на одлуки на локално, национално и регионално ниво.

**Основачи на Локомотива:**
Биљана Тануровска Ќулавковски, Искра Шукарова, Наташа Димитриевска, Љупчо Тануровски, Илчо Цветкоски.

**Тимот на Локомотива за 2011 година**:
Биљана Тануровска – Ќулавковски - извршен директор/програмски уредник; Виолета Качакова - проектен менаџер/програмски уредник, културна политика; Катарина Тоциноски – асистент проект менаџер, Искра Шукарова - уметнички координатор; Наташа Димитриевска – уметнички координатор; Љупчо Тануровски - техничка поддршка.
Соработници: Кире Миладиноски, Драгана Заревска, Александар Георгиев, Викторија Илиоска

**Мрежи:**
**Локомотива е еден од иницијаторите и ко-оснивачи на:**

- *Balkan Express Network*
- *Balkan Dance Network*
- *NOMAD Dance Academy* - http://www.nomaddanceacademy.org/
- Номад танц академија - Мрежа за застапување во полето на современите изведувачки уметности

**Локомотива е партнер и член на:**

- Градина на Европа/*Jardin D'Euope*- http://www.jardindeurope.eu/

**Интернационални мрежи и асоцијации со кои соработува Локомотива:**

- Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА) - http://www.alda-europe.eu/
- *IETM*-Интернационална мрежа за современи изведувачки уметности
- *Culture Action Europe* - www.cultureactioneurope.org/
- *Clubture* - http://www.clubture.org/
- *Druga Scena* – http://www.drugascena.org/
- *A Soul of Europe* -http://www.asoulforeurope.eu/

**Програми:**
Во рамките на програмските целини на Локомотива се реализирани бројни културни и уметнички проекти и активности: уметнички перформанси, современо-танцови и филмски продукции, предавања, дебати, презентации, работилници, конференции, едукативно - развојни проекти, истражувања итн.
Она што ги поврзува сите програми е препрочитување на продукциските модели, образовните пракси, институционалните пракси и општествените дискурси, моделите на здружување и партнерска соработка. Препрочитувањето и критичкото промислување овозможува развој и застапување на потребите условени од општествените промени. Сите програми имаат цел да понудат нови пристапи и модели на соработка, продукција и едукација кои допринесуваат во општествениот развој и демократско живеење.
Во своите програмски целини Локомотива развива интередисциплинарен пристап и во своите програми вклучува активности кои го поддржуваат професионалниот развој и доживотното

учење преку едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување, предавања, презентации, јавни дебати и вмрежување, а истиот е застапен и акцентиран со посебна намена во рамките на конкретна програмска активност.

**Програмите на Локомотива** се структурирани со цел да развиваат интердисциплинарен пристап и содржат едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување во полето на културната политика, отворање на простор за дебатирање во полето на културните политики, вмрежување, итн.

**Цели на програмата за 2011 година:**

- Развој на граѓанскиот сектор во областа на културата - креирање на нова и динамична граѓанска средина во Македонија која ќе партиципира во процесите на креирање на јавни (културни) политики;
- децентрализација на културата;
- партнерство и соработка помеѓу јавните централни, регионални и локални власти и институции и граѓанскиот сектор;
- зајакнување на професионалните капацитети на локалната администрација и културните работници во граѓанскиот сектор за култура и јавните културни институции, како и на уметниците;
- спроведување на модели на едукација и до-едукација во доменот на современата уметничка практика и теорија кои не се застапени во формалното образование;
- нова современа уметничка продукција;
- трансфер на знаење;
- критичко мислење и развој на културните потреби;
- развој на нова публика;
- вмрежување на национално, регионално и интернационално ниво.

## II. ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА ВО 2011 г.

### 1. РЕФЛЕКСИИ

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата:

1.1 ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА помеѓу Македонија и Долна Нормандија/ програмска целина за Културни политики

1.2 НКС - Независна Културна Сцена

### 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ и КУЛТУРА)

Програма за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од НВО секторот и членовите на организацијата.

2.1 НОМАД танц академија/*Jardin d'Europe*

2.2 Издаваштво

2.3 ЛОКОМОУШН-Фестивал за современ танц и перформанс

2.4 Соработка со фестивали и програми за современа уметност


Ѓуро Ѓаковиќ 39/3, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +38923245726, www.lokomotiva.org.mk, contact@lokomotiva.org.mk

**ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ ВО 2011 г**

## 1. РЕФЛЕКСИИ

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата.

Оваа програма е наменета за иницирање на реформи во уредувањето на системот во кој се одвива културниот развој во земјата. Програмата се спроведува преку неколку проектни активности во рамки на кои се застапува потребата на одредени засегнати страни.

Ние сметаме дека прашањето на културата е едно од најважните општествени прашања кое влијае на севкупниот општествен развој. Постои ургентна потреба за поинакво промислување на врските и влијанијата помеѓу општеството и културата со цел да се стимулира дијалог, да се зајакнат компетенциите на учесниците и да се зајакнат демократската култура и културата на демократијата.

Да се обезбеди плурализам и диверзитет на уметничкиот израз во едно општество, значи да се изгради систем кој тоа ќе го поддржува - односно систем кој ќе поддржува нов, современ, слободен авторски израз и жива уметност.

Преку оваа програма Локомотива се стреми да влијае и допринесе во градењето на тој систем. Активностите во таа насока се развиваат во рамки на проектот за Децентрализирана соработка МК/ДН (каде Локомотива ја води оската за Културни политики) и активно учество во формирање и градење на неформалната асоцијација за Независна Културна Сцена (НКС).

### 1.1 ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА - ФРАНЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децентрализираната соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2007 година. Иако се работи за институционална соработка (Регион Долна Нормандија – Македонија преку Министерство за локална самоуправа), активностите од проектот се групирани во 6 дела (програмски целини) и спроведувани од француско-македонски „тандем организации“. Овој проект е насочен кон зајакнување на локалното владеење, поддршка на регионалниот развој, еднаква застапеност на руралните и градски средини во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на единиците на локална самоуправа, институциите и локалното население во Долна Нормандија и Македонија како и кон разменување на позитивни практики вредности и искуства. Главната цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да се поттикне учеството на граѓаните и да се помогнат во остварување на одржлив развој преку креирање на територијални јавни политики следејќи го моделот “од долу нагоре”.

Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности. Програмата за децентрализирана соработка е финансиски поддржана од страна на Регионот Долна Нормандија и Министерството за надворешни работи на Франција.

Локомотива е македонски партнер и носител на програмската целина посветена на *Културните политики.* Партнер од француска страна во 2011г. е Регионалниот центар за култура, етнологија и техника – *CRéCET* (Долна Нормандија)

Главен локален партнер на Локомотива е Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) и проектот се извршува со активно учество на сите (9) општини кои овој регион ги обединува; културните институции и граѓанските организации активни во доменот на културата, уметници и граѓани на Република Македонија.

<u>Целни групи</u>: Единиците на локална самоуправа во Р.Македонија со посебен фокус на Пелагонискиот регион и деветте општини кои ги обединува, културните институции и


**Локомотива–Центар за нови иницијативи во уметноста и културата**
Ѓуро Ѓаковиќ 39/3, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +38923245726, www.lokomotiva.org.mk, contact@lokomotiva.org.mk

граѓански организации активни во доменот на културата, уметници и граѓани на Р. Македонија, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура.
Активностите во рамките на проектната оска за Културна политика и културна размена се посветени на развој на културната политика (креирање на стратегии за локален/регионален културен развој), децентрализацијата во културата, поттикнување на партнерска соработка помеѓу националните, локалните институции и граѓанскиот сектор, како и поттикнување на директна соработка помеѓу институции и културни актери од Р. Македонија и Долна Нормандија. Активностите се развиваат согласно определбата дека културата игра значајна улога во целокупниот развојот на земјата (економски, социјален), а јадрото од каде што треба и се иницираат промените и развојот е локалната средина (општина, град) и регионот кој ги поврзува. Меѓутоа, локалниот/регионален контекст во кој треба да се иницираат овие промени е недоволно развиен како резултат на долгогодишниот централизиран систем на одлучување и управување и недостигот на контролни механизми (стандарди и принципи) во спроведување на севкупниот процес на децентрализација, како и фискалната децентрализација како значаен сегмент на овој процес. Се уште се неразрешени надлежностите околу менаџирањето и финансирањето на локалните културни институции, вклученоста на граѓанскиот сектор во процесите на планирање на културниот развој е на исклучително ниско ниво, партизација во раководните органи на институциите во културата е присутна, а постои потреба од професионализација на кадрите, со фокус на менаџерите кои ќе ги раководат институциите и организациите, како и потребата од интерсекторско поврзување при креирање и имплементирање на различни развојни програми.
Со цел да се придонесе во надминување на дел од наброените проблеми и подобрување на условите и капацитетите на локалните културни актери, кои би воделе кон креирање на апликативна стратегија за локален/регионален културен развој, Локомотива ја спроведува програмата преку следниве типови на активности:

- Професионална до-едукација, преку организација на тематски работилници за претставници на општините, културните институции и граѓанскиот сектор од Пелагонискиот регион, која започна во 2011г.
- Развој на регионална соработка (истражувања и анализи потребни за подготовка на Стратегија за културен развој на Пелагониски плански регион и креирање на организационо-институционална структура која ја помага меѓуопштинската и интерсекторската соработка на засегнатите страни во регионот во 2011г.)
- Креирање платформи за взаемно информирање и размена на искуства и знаење за децентрализација во културата во Долна Нормандија и Македонија (конференции и работни посети за размена на искуства 2009/2011)
- Професионални стажеви на претставници на јавна администрација и културни институции од Македонија во сродни инстуции од Долна Нормандија (2007/2009)
- Уметнички копродукции помеѓу културни институции и организации од двете територии (во доменот на изведувачки и визуелни уметности 2008/2009);

***АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2011:***

1. Работилница на тема: Анализа и стратешко планирање на културниот развој во Пелагонискиот регион (во рамки на активностите за професионална до-едукација)
   4-7 април, Битола

Првата работилници за професионална до-едукација се реализираше во Битола, во периодот помеѓу 4 и 7 април. На оваа работилница земаа учество триесетина претставници на културниот сектор од сите девет општини на Пелагонискиот регион (претставници од општините одговорни за култура и локален економски развој, претставници на јавните

културни институции, здруженија на граѓани, независни уметници, занетчиски здруженија итн.).

Работилницата се релизираше преку серија предавања, презентации на успешни студии на случај и работа во групи на конкрети задачи во кои активно беа вклучени сите учесници. Програмските целини на работилницата беа водени од стана на поканети експерти и соработници: Кристина Кујунџиќ и Маријана Цветковиќ Марковиќ (Србија), Пјер Шмит, Одри Палмер и Реми Приве (Франција). Како гостин учесник на работилницата беше и Драгана Ќурчиоска од Министерството за култура на Р.Македонија. Работилницата беше програмски уредена и модерирана од страна на Биљана Танауровска – Ќулавковски и Виолета Качакова (Локомотива, Скопје) и Кристина Кујунџиќ (експерт и соработник од Србија).
Преку работилницата се овозможи:

- анализа на состојбите во полето на културата во општините од регионот Пелагонија (утврдување на проблемите, потенцијалите а преку нив и дефинирање на потребите во културата во регионот);
- заедничко дефинирање на визија, мисија и цели за развој на културата во регионот, како и на дефинирање на акционен план за периодот што следи, кој ќе овозможи добивање на информации и спроведување на истражувања и анализи потребни за изработка на Стратегија за регионален развој на културата во регионот;
- креирање на иницијална организациона структура – органиграм. Се формираше Координативно тело (4 лица – претставник на општина, културна институција, здружение на граѓани и независен уметник) и се назанчи лице во секоја општина одговорно за комуникација и координација на утврдените активности. Координативното тело ќе биде во директна комуникација со деветте назначени одговорни лица-вработени во општините, преку кои ќе се добиваат потребните информации и спроведуваат дефинираните активности, како и со останатите учесници на работилницата. На овој начин ќе се овозможи координација во спроведување на понатамошните планирани активности. Прва активност е мапирање на состојбите и креирање на регистири на постоечките културни актери (институции, здруженија на граѓани), манифестации и проекти, како и креирање на Регионална културна мрежа. Изработката на стратегијата, планот и спроведувањето на активностите ќе придонесат кон поголема видливост на регионот, регионална координација на културната понуда и можност за поголема промоција во и вон рамките на земјата.

2. <u>Започнување на процесот на работа на Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот плански регион (мај – октомври)</u>

Координативното тело беше одговорно за изработка на првичните *Регионални културни регистри*. На регистрите се работеше во периодот мај – октомври 2011г. Регистрите содржат инфромации за јавните културни институции, манифестациите, здруженијата на граѓани и самостојните уметници кои активно работат во Пелагонискиот регион, како и за постоечките проекти и активности кои имаат потенцијал за развој на културен туризам и културни индустрии. Исто така преку ЦРППР и Координативното тело се спроведоа *прашалници* во општините, културните институции, здруженијата на граѓани и постоечките фестивали и манифестации, преку кои се добија информации за нивната организациона структура, карактерот на понудените културни и уметнички содржини и лицата/телата одговорни за донесување и имплементација на истите, моделите на одлучување и финансирање.

3. Работна посета на Долна Нормандија, со цел размена на искуства и знаење за начинот на работа и организација на културниот сектор во Пелагонија и Областа на заливот Мон Сен Мишел (Долна Нормандија)

   27 јуни – 1 јули/Каен, Областа на заливот Монт Сен Мишел/Долна Нормандија

Согласно планот, активностите на територијата на Долна Нормандија се реализираа во периодот од 27 јуни до 1 јули 2011 година. Активностите, обединети под темата: *Analyses de territoires: Regards croisés Pélagonie / Pays de la Baie du Mont St Michel (La culture, vecteur de développement)* вклучија посети на позначајни културни и природни локалитети и културни институции од територијата на Областа на заливот Мон Сен Мишел, како и средби, дискусии и тркалезна маса со претставници на секторите за култура и комуникација од Мешаниот синдикат на Областа на заливот Мон Сен Мишел и претставници на културниот сектор активен на оваа територија.

Во оваа работна посета од Македонија беа вклучени:

- Биљана Танауровска Ќулавковски и Виолета Качакова (Локомотива, Скопје);
- Василчо Дамчевски, градоначалник на Крушево и Никола Пејчиноски, советник за култура во Општина Крушево;
- Рубин Николовски, претставник на ЦРППР и
- Ирена Андреевска – З.Г - Културна точка Гумно, Демир Хисар,

како и соработникот од Србија: Кристина Кујунџиќ.

Групата посети различни културни и природни споменици на „Областа на обалата Монт Сен Мишел“ и преку нив се запозна со спецификите на географскиот, историскиот, културниот и територијалниот идентитет на оваа област. Посетата ги вклучи следните градови: Аваранш, Мортен, обалата Сент Џемс, Вен и т.н. Исто така тие ги посетија и беа запознаени со работата на некои културни институции како "l'Ecomusée de Vains", "Relais Culturel Régional de Ducey", "ODIA", "Scriptorial d'Avranches" и.т.н. Состаноците и дискусиите со претставици од различни јавни сектори поврзани со културата од администрацијата на „Областа на обалата Монт Сен Мишел“, донесоа информации како е организирано културното поле во оваа одредена територија.

Освен совладувањето на културниот контекст на оваа област, на отворената дискусија која беше организрана во "l'Ecomusée de Vains" (Еко Музејот на градот Венс) на 29 јуни, претставниците на македонската група го презентира моделот на работа воспоставен во Пелагонискиот регион со различни фази и резултати од процесот за креација на Стратегијата за културен развој на Пелагонискиот плански регион. Главната цел на презентацијата и размената на информации е вклучување на Мешаниот синдикат на Областа на заливот Мон Сен Мишел како партнер во проектот, следејќи го примерот на Пелагонискиот регион во Македонија, и креирање на модел за територијален и културен развој, прикладен за контекстот и културните потреби на оваа област. Истиот ден беше направена специјална агенда за градоначалникот од Крушево и неговиот советник за култура, специјална посета на „Заедницата на локалните територии Сент Жемс“, како средба за запознавање на градоначалникот на Крушево и претседателот на заедницата Сент Жемс. На состанокот, тие разговараа за различните полиња кои се важни за развојот на двете територии, со цел да се утврди кое им е заедничкото поле на интерес врз база на кое тие можат да ја воспостават идната соработка на двете општини, како идни потеницијални збратимени зедници.

### 1.2 НЕЗАВИСНА КУЛТУРНА СЦЕНА (НКС)

**Неформална платформа за застапување на потребите на културните работници и уметници од граѓанскиот сектор**

Локомотива заедно со Здружението на албански издавачи, Центарот за драмски уметности Т-ХАУС, Контрапункт, *Line initiative and movement*, Стотројка, *Press to exit project space*, Културен

центар *Public Room*, Плакарт и Културен центар Шкупи, од 2008 година органзираа средби и дискусии за состојбата на граѓанскиот сектор во култура, потребите за креирање на подобри услови за негова работа, можните форми на воспоставување на соработка со јавните институции (Министерство за култура, Град Скопје). Со цел да се делува во насока на подобрување на состојбата во скеторот, потребно е обединување на граѓанскиот сектор и заедничко делување преку формирање на идна мрежа на независни културни актери и уметници која ќе ја претставува и ќе се застапува за Независната Културна Сцена (НКС). Притоа НКС се подразбира како простор изземен од секаква политикологија, дискриминација на сеопшто ниво, простор изземен од културолошки стеги и предрасуди кој се стреми да воспостави дијалог со власта и креаторите на културната политика преку кој ќе ги застапува потребите на независната културна сцена – граѓанскиот сектор и ќе се залага за реформи во системот во кој е организирана културата во Македонија.

Иницијално воспоставени Цели на НКС**:**

- Подобрување на условите за работа и продукција во независниот културен сектор;
- НКС да биде партнер во креирањето на културните политики на национално и локално ниво, односно да учествува во процесот на одлучување при креирањето на локалните и национални програми за развој на културата;

Заложби на НКС:

- НКС треба да укаже на еден спротивен модел типичен за неефикасните државни институции, ослободен од бирократија. Таа треба да дејствува како конструктивна опозиција која ќе ги пормовира принципите на мобилност, самоорганизација, проактивност, иновативност;
- да ги поддржува и промовира иновативните современи уметнички и културни практики;
- да биде коректор на одлуките и правците во кои се движат националните и локални културни власти;
- да иницира и поддржува отворени дискусии и дебати по одредени контекстуално специфични и проблематични теми.

Независната културна сцена треба да биде препознаена како партнер за поефикасно дејствување на институциите од една страна, но и како конструктивна опозиција и коректив, од друга страна, што ќе резултира со пошироко и поразнообразно дефинирање на јавните потреби.

*АКТИВНОСТИ на НКС:*

- Од 2008 организациите на НКС се дел од дискусионата група при ФОРУМОТ за развој на граѓанскиот сектор во Град Скопје;

За жал и покрај учеството и иницирањето на соработка, не е остварена значајна соработка со градот. Поради тоа организациите кои партиципираа во Дискусионата група ја формираа Независната Културна Сцена како самостоен и неформален субјект, преку кој ќе продолжат да се залагаат за потребите на граѓанското општество.

- 23- 24 октомври 2009, НКС ја организираше конференцијата Exit Europe Скопје;
- 13-14 јануари 2010, Културен центар *Public Room* (членка на НКС) ја организираше работилницата Структурна поддршка - модел за прогресивна култура, каде претставници на НКС земаа активно учество и партиципираа во градење на предлог за стратегија за финансирање на културата на национално ниво.
- Во 2010 се работеше на понатамошен развој на НКС со цел да се воспостави поинтензивна соработка меѓу претставниците на секторот, здружено дејствување за постигнување на поголема видливост и политичка релевантност во општетсвото и заедничкото застапување за специфични но и за пошироки интереси на независните културни актери.

- Со поддршка на тогашниот Претседател на Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија - Васко Шутаров, НКС поднесе амадман за вклучување на НКС во изработката на националната стратегија за култура. Амандманот беше прифатен на 24.03.2011 во рамки на собраниска комисија за култура, за време на второто читање за изменување и дополнување на Законот за култура.
- 2011 – НКС преку Press to exit project space аплицираше и доби поддршка од Швајцарската програма за култура во Западен Балкан за развој на национална мрежа на независниот културен сектор, како формално правно-тело, асоцијација.

## 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ И КУЛТУРА)

Платформа за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од граѓанскиот сектор и членовите на организацијата.

### 2.1 НОМАД ТАНЦ АКАДЕМИЈА/JARDIN D'EUROPE (ГРАДИНА НА ЕВРОПА)

НОМАД танц академија е долгорочна едукативна, истражувачка продукциска програма на партнери од Балканскиот регион, која има за цел да ги соедини сите потенцијали и ресурси во современиот танц на национално и регионално ниво со цел да придонесе во развојот и професионализацијата на современиот танц на Балканот.

Номад Танц Академија е мрежа и програм, кој е дел од поширокиот Европски проект наречен *Jardin d'Europe*.

*Jardin d'Europe* е посветен на формирање на одржлива Европска инфраструктура за професионалците, младите танчери, кореографи, танц администратори, танц критичари и истражувачи на културната политика во изведувачките уметности.

Негова главна цел е да поддржи нови идеи и проекти кои ќе бидат главната движечка сила во развојот на новиот танцов пазар низ цела Европа.

Jardin d'Europe е организиран во мрежа на танцови институции од Европа (ArtLink/RO, Bimeras Culture Foundation/TR, CCN Montpellier/FR, Cullberg Ballet/SE, danceWEB/AT, Lokomotiva/MK, Southbank Centre/UK, Station/YU, Ultima Vez/BE, Workshop Foundation/HU).

Главна цел на програмот/проектот: Да ги обезбеди потребните услови – професионализација, нови инструменти на културна политика, едукативен систем и поголема публика – за квалитативен развој на современиот танц во Европа и на Балканот.

Цели:

- Да креира нов модел на соработка во танцовиот сектор во Балканскиот регион и Европа со цел да придонесе во професионализација на секторот на национално ниво;
- Да ги подобри едукативните можности за младите танчери и кореографи;
- Да ги подобри можностите за истражување за танчерите и кореографите со искуство;
- Да ги подобри условите за продукција на нови дела;
- Да го промовира современиот танц како социјално релевантна, инклузивна и интернационална уметничка форма.

Целни групи: млади изведувачки уметници (танчери, кореографи, актери) истакнати кореографи и професионалци во полето на танцот, теоретичари и критичари, историчари на уметноста, културни продуценти и менаџери во културата, образовни институции во полето на културата, национални и локални носачи на одлуки и креатори на политики во полето на културата, и.т.н.

Номад танц академија е модел на културна продукција и регионална соработка. Овој модел може да биде мултиплициран и употребен во други уметнички дисциплини кои бараат професионализација, стаданрдизација и развој во уметничкиот домен. Номад Танц Академија е долгорочен проект фокусиран на три главни програми: едукација, истражувачки програм, и

програма за видливост и препознавање на уметничките форми. Проектот е иницииран од Балканската танцова мрежа (Balkan Dance Network), со цел да се подобри соработката и да се искористат сите потенцијали во полето на современиот танц во регионот. Од 2008 година Номад танц акдемија е дел од Европскиот проект Градина на Европа.

Поддржувачи на програмата 2007-2011: Номад танц академија (Швајцарска програма за култура во Западен Балкан, Прохелвеција, Шведски Институт, КултурКонтакт, Европска културна фондација, Министерствата за Култура на Република Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Град Скопје и Град Белград)

Поддржувачи на програмата 2008-2011: Градина на Европа за Номад ко-организаторите– Локомотива од Скопје и Станица од Белград (Програмата Култура 2007-2013 на ЕУ, Европска културна фондација, Швајцарска програма за култура во Западен Балкан, Министерствата за култура на Република Македонија и Република Србија).

***АКТИВНОСТИ НА НТА/ГРАДИНА НА ЕВРОПА РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2011 Г.***

1. Номад танц академија – соработка со HYBRIS KONSTRPODUKTION и INPEX (INTERNATIONAL PERFORMING ARTS EXCHANGE), од Шведска
   21-24 март, 2011, Скопје (Локомотива, клуб Гем)

Оваа соработка се реализира во рамки на програмата на Номад танц акдемија насловена како „тело кое се одмара и размислува/resting and thinking body", и беше поддржана од страна на Шведскиот институт. Соработката се реализираше во форма на заедничка работилница помеѓу членови на Номад танц академија и гостите од Шведска - претставници на HYBRIS KONSTRPODUKTION и INPEX. Во рамки на оваа работилница се работеше на форми на организација и делување на независните културни работници со цел обезбедување на одржливост на структурите и подобрување на можности за работа.

По работилницата, на 24 март во клубот Гем во Скопје, гостите од Шведска имаа јавна презентација за начинот на нивна организација и работа како и презентација на книгата *The Swedish Dance History. (http://www.inpex-universe.org/events/swedish-dance-history-2010)*

2. Номад танц академија – резиденција на Номад танц академија на Импулс Танц фестивалот во Виена, Австрија (реализирана во рамки на проектот *Woodstock of knowledge*, подржан од Европската културна фондација)
   Виена, 20 -30 јули 2011

Гости-учесници на резиденцијата: Ангела Вадори (Италија/Аргентина), Игор Добричич (Холандија/Србија), Мануел Пелмус (Романиа), Ема Ким Хагдал (Шведска), Џон Теландер (Хибрис Констпродакшн, Шведска), Александар Георгиевски (студент на НТА, Македонија/Бугарија), Игор Коруга (студент на НТА, Србија), Ана Шнабл (студент на НТА, Словенија), Рок Вевар (НТА, Словенија), Искра Шукарова (Локомотива, НТА - Македонија), Драгана Алфиревиќ (НТА, Словенија/Србија), Дејан Срхој (НТА, Словенија), Далија Ачин (НТА, Србија) и др.

Номад танц академија (НТА) и Импулс Танц беа организатори на резиденцијата на тимот на Номад тнац академија во времетраење од седум дена на Импулс Танц фестивалот, која се состоеше од работни сесии, презентации на публикациите на НТА, јавни дискусии со уметници, теоретичари и останати професионалци кои присуствуваа на фестивалот Импулс Танц во Виена, организиран од ДансВЕБ.

Резиденцијата беше насочена кон идејата за рефлексија и рекапитулација на работата на НТА. Беа организирани различни типови на дискусии и практични работни сесии, со цел да се направи размена во рамките на групата од 15 членови на резиденцијата.

Во рамки на резиденцијата се организираше јавен настан кој опфати дискусија, презентација на книга и перформанс кој обедини голем број учесници и гости на фестивалот. Од гостите/учесници на настанот беше побарано да ја претскажат ИДНИНАТА на Номад Танц Академија, за кое претскажување еден од нив би имал можност да добие 1000 евра. Ова беше формат на многу сериозна игра која ни овозможи воспоставување на поинаква основа за комуникација со публиката, младите практиканти, постарите колеги и сите кои беа присутни.
Сакавме да ги замениме улогите и наместо ние да го презентираме нашето минато, ги прашавме сите потенцијално заинтересирани да ги споделат нивните визии за нашата иднина. На настанот кој траеше 9 часа, се соочивме со истражување на принципите на директната демократија, со различни сфаќања за современиот танц и со нашите процеси на донесување одлуки кои еволуирале.
Јавната презентација на публикациите „Номад танц академија 2007-2011“ и “DANCE THEORIES RELOADED” се претвори во давање на овие книги како подготвителен материјал за учесниците кои треба да ја предвидат иднината на НТА и на тој начин преку еден поинаков и поуспешен формат успеавме да ги претставиме овие две публикации.

3. Номад танц Академија – Плескавица - фестивал за современ танц и перформанс, дел од активностите на фестивалот се реализираа во рамки на проектот *Woodstock of knowledge*, подржан од Европската културна фондација
   Љубљана, 9 – 19 јуни 2011 година

Второто издние на фестивалот Плескавица, партнер на Номад танц академијата, се обиде да реагира на Словенечкиот фестивалски момент, каде во последните 4 месеци се реализираа 5 интернационални танцови фестивали. Во овој контекст, организаторите на Плескавица си зададоа задача да креираат некаква програмска различност во поглед на тековните современи танцови продукции. Оттаму тие одлучија да не канат/прикажуваат завршени перформанси, напротив поканија околу 40-тина уметници, теоретичари, драматурзи и продуценти кои ја креираа програмата на фестивалот, ден за ден согласно развиената методологија од страна на самите учесници.

Програмата со наслов „Де-фестивализација + Ре-фестивализација“ се обиде да ги замени завршените уметнички продукции со уметнички процедури преку кои се рефлектираше концептот на еден фестивал и неговите можни формати.
Фестивалот не беше програмиран на конвенционален начин, тој понуди неколку различни модули/методологии: генерички, интервју, движење/танцово знаење, моја прва приватна колекција, опис, презентација/контекстуализација, работилница за танцова драматургија итн. Предложените модучи не беа обврзувачки, туку еден вид насока за работата во рамки на фестивалот. Поканетите учесници имаа можност да ги изложат своите модели на работа во рамки на фестивалот.

Продукција: Фичо Балет, Номад танц академија Словенија
Концептуализација и организација: Јасмина Заложник, Рок Вевар, Дејан Срхој, Горан Богдановски, Драгана Алфиревиќ.
Партнери: Бункер, Маска, Виткар, Дијашки дом Табор, ЈСКД, , *Zveza kulturnih društev Ptuj*, *Mreža sodobnega plesa*, Словенечки туристички информативен центар
Регионални партнери/партнери на Номад танц академија: Локомотива-Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, Танцеларија, Тала данс центар, Станица, Фичо Балет, БреинСтор Проект

Проект координатор на *Woodstok of knowledge*: Локомотива-Центар за нови иницијативи во уметноста и културата

4. <u>Градина на Европа - Издавање на пуликацијата - DANCE THEORIES RELOADED</u>
   <u>Јануари, 2011 година</u>

Публикација: *DANCE THEORIES RELOADED*, ТкХ ("Теорија која хода"), Белград – магазин бр. 18
Публикација на ТкХ, Белград е издадена во соработка со Номад танц академија, во рамки на европскиот проект Градина на Европа (*Jardin d'Europe*). Повеќе за публикацијата во точка 2.2 – Издаваштво.

5. <u>"Are made of this", продукција на современо танцово дело реализирано во рамки на програмксата линија за ко-продукции на проектот Градина на Европа</u>

Автор: Драгана Алфиревиќ (Србија)
изведба: Драгана Алфиревиќ (Србија), Мајан Данош (Израел), Еста Матковиќ (Хрватска), Иван Мијачевиќ (Словенија)
звук: Иван Мијачевиќ (Словенија)
визуелен идентитет: Драгана Алфиревиќ (Србија)
продуцент: Жива Брецељ (Словенија)
Техничка поддршка: Плесни театар-Љубана

Копродукција помеѓу: Локомотива-Македонија и Плесни театар Љубљана
Делото беше номинирано како дел од селекцијата за наградата Prix Jardin d'Europe 2011
Повеќе инфомрации за делото:
http://www.jardindeurope.eu/index.php?id=25&detail=304

6. <u>TEACHING THE TEACHERS (TTT)</u> – програмаска линија на Градина на Европа која има за цел да даде одговор на европската танцова сцена во потребата од нови наставни методи и обуки во областа на современиот танц.
   <u>Скопје, 14-24 ноември 2011</u>

Во периодот од 14 до 24 ноември 2011 година, Локомотива беше организиатор на *Teaching the Teachers* (TTT) сесијата во Скопје.
(TTT) е програма на проектот Градина на Европа, во рамките на која Номад танц академија разви платформа за преиспитување и анализа на процесот на едукација во полето на современиот танц и примена на различни образовни форми за крирање и пренос на знаењето. Од 2007 до 2010г. Номад танц академија се развиваше преку три главни програми: едукација, истражување и продукција, со цел да се професионализира современиот танц на Балканот. Истовремено се наметна и потребата да се актуелизира танцот како современа уметничка форма, со што ќе се создаде поголем јавен интерес за овој тип на уметност.
Ова беше усвоено како модел преку кој Номад танц академија дејствуваше до 2010 г., согласно кој ги усмери своите активности, меѓу кои како најнеопходна се наметна едукативната програма замислена и реализирана како единствена патувачка, номадска академија.
Низ целиот процес на делување во таа насока, се наметна потребата од проширување на едукативните програми и промена на основната парадигма на работа на Номад танц академија во: **се' е едукација**.

ТТТ во Скопје беше имплементиран во форма на 10 дневна работна сесија реализирана од 2 работни групи/тимови плус тим за развој на концепт и архивирање, кои работеа евалуација на методите на едукација аплицирани во рамки на Номад едукативната програма, како и на

промислување на воспоставените модели на едукација, протоколи и начини на пренос на знаење кои се применуваат во современиот танц денес.
Фроматот на ТТТ е во релација со новата парадигма на Номад танц академија – се’ е едукација, врз база на која во иднина ќе се развива програмата на Номад танц академија.

ТТТ сесијата во Скопје беше реализирана со учество на членови на Номад танц академија како и со учество на поканети гости - експерти: Гизела Милер (*Tanzfabrik*/Берлин), Елке Ван Кампенхоут (*АРТ-A.PASS*/Антверп) и Вера Сандер (Унивезитет во Келн/*Hochschule für Musik und Tanz*).
*ТТТ сесијата во Скопје беше организирана како работа во групи*:
- Група која работеше на координација/развивање на концепт и архивирање: Мартин Сондеркамп, Александра Јанева, Рок Вевар и Биљана Танауровска-Ќулавковски.
- Учесници:

А) Работна група/Тим 1: Драгана Алфиревиќ, Тамара Цуриќ, Деан Дамјановски, Дејан Срхој, Искра Шукарова, Мартин Сондеркамп, Александра Јанева, Рок Вевар и Биљана Танауровска-Ќулавковски.
Б) Работна група/Тим 2: Гизела Милер, Елке Ван Кампенхут, Маријана Цветковиќ и Мартин Сондеркамп, Александра Јанева, Рок Вевар и Биљана Танауровска-Ќулавковски.
Поканет гостин: Вера Сандер (Унивезитет во Келн/*Hochschule für Musik und Tanz*).
Координација, организација и документирање: Биљана Танауровска-Ќулавковски, Виолета Качакова, Катарина Тоциноски и Пинар Басоглу.

*Тимот 1* работеше во периодот од 15 до 18 ноември. Тие ја анализираа воспоставената пракса на едукација преку размена на различни индивидуални и колаборативни уметнички методи на едукација и пренос на знаењето; како и кој вид на знаење се продуцира и пренесува и каква улога има истото во понатамошниот развој на кореографската, физичка и критичката пракса на учесниците-уметници. Во рамките на овој тим, исто така беше евалуриана Номад едукативна програма (2008/2010), и се дискутираше за идните планови на нејзиниот развој.
*Тимот 2*: работеше во периодот од 18 до 20 ноември. Во рамките на овој тим, учесниците ги разменува своите искуства добиени во рамки на одредени идеи и програми кои ги водат и ги имаат иницирано, а кои се поврзани со различни модели на само-организирани, интерактивни и колаборативни образовни програми.

Двата тима се сретнаа на 18 ноември, притоа членовите на првиот тим ги изложија разултатите од својата работа- евалуацијата на Номад едукативната програма и презентација на методологиите кои беа разменети и дискутирани за време на нивната работна сесија.
Целокупната работа на двата тима беше следена и надгледувана од главната група за координација/развивање на концепт и архивирање; која ги собра, архивира и анализира процесите и резултатите од работата на двата тима.

7. <u>Градина на Европа, *WILD CARD*</u> - Програмска линија за резиденции, професионален престој и истражување, наменета за кореографи во развој и администратори во полето на современиот танц
<u>10 ноември – 01 декември 2011, Скопје, Локомотива</u>

Во рамки на оваа програмска линија, Локомотива обезбеди професионален престој-работен стаж во Локомотива за Пинар Басоглу од Истанбул, Турција. Овој стаж произлезе од соработката помеѓу Локомотива и партнерот од Градина на Европа од Турција- Бимерас Фондација. Пинар работеше во Локомотива како дел од тимот на конкретни активности поврзани со реализација на дел од активностите на проектот Градина на Европа, односно на

имплеметација на програмата *Teaching the Teachers (TTT)* во Скопје. Таа зема учество во оваа програма преку: следење на дискусиите на работните групи од ТТТ, докуметирање и архивирање на процесот, помош во организација на работата и известување за заклучоците од работата. Исто така за време на својот прстој Пинар помагаше во тековното работење на организацијата. Престојот во Скопје беше искористен и за нејзино запознавање со претставници на независниот културен сектор во Скопје. Детален извештај за нејзиниот престој во Скопје и работата во Локомотива може да најдете на следниов линк: http://www.jardindeurope.eu/index.php?id=58&detail=390.

8. Градина на Европа, *Critical Endeavour* – Програмска линија развиена со цел да се подобри јавниот дискурс на танцот и да се промовира размена на добри практики, етика и одговорности во танцовата критика во рамки на соодветни земји и контексти. *Critical Endeavour* е едукативна програма базирана на работилници наменети за млади критичари во полето на танцот и изведувачките уметности
   Букурешт, 7-15 ноември 2011

Во рамките на оваа програма во 2011 од страна на Локомотива во соработка со НТА партнерот Тала данс центар од Хрватска беше номинирана Марина Рончевиќ од Загреб.
Програмата на *Critical Endeavour* во 2011 година се организра во рамки на фестивалот *Explore Dance Festival # 6*, организиран од партнерот на Градина на Европа од Романија – *4Culture*.
Учесниците следеа распоред на работилници, предавања, дискусии и ги следеа перформансите селектирани во рамки на фестивалската програма. Тие имаа одговорност да го номинираат победникот на *Prix Jardin d'Europe 2011* од 14 номинирани претстави во оваа конкуренција.

### 2.2 ИЗДАВАШТВО

Публикација: *DANCE THEORIES RELOADED*, ТкХ ("Теорија која хода"), Белград – магазин бр. 18
Публикација на ТкХ, Белград е издадена во соработка со Номад танц академија, во рамки на европскиот проект Градина на Европа (*Jardin d'Europe*)
Публикацијата можета да ја најдаете на следниот линк:
http://www.lokomotiva.org.mk/Materijali_2013/HTML_2013/Publication/Publication_PDF/dance%20theory%20reloaded%20tkh%2018%20web.pdf
Промоцијата на оваа публикацијата се одржа на 30 јануари Белград, во Магацин - простор на независната културна сцена.
Публикацијата беше претставена од: Бојана Цвејиќ и Ана Вујановиќ (уредници во ТкХ), Биљана Тануровска-Ќулавковски (координатор на публикацијата; Номад танц академија/Локомотива, Скопје) и Рио Руцингер (DanceWeb/Градината на Европа)
"DANCE THEORIES RELOADED"е реализирана како заедничка идеја на ТкХ и Номад танц академија (НТА) со цел да се претстават современите теоретските дискурси во современиот танц.
ТкХ во 2002 година го издадоа 4-то издание на магазинот кое беше посветено на танцот. Ова издание предизвика голем интерес кај професионалците и публиката. "DANCE THEORIES RELOADED" е второ издание на ТкХ посветено на танцот во кој се даде осврт и простор за теоретски текстови посветени на современиот танц на автори од регионот. Оваа идеја произлезе од соработката со Номад танц академија, чии членови преку нивната работа заклучија дека е потребно едно вакво издание кое ќе овозможи сублимација на текстови од регионот кои недостасуваат. Оваа публикација е потребна и наменета за младите танцови уметници кои беа дел од Едукативната програма на Номад танц академија како и за останатите професионалци во полето на современите изведувачки уметности и танцот. Оваа

публикација е продолжување на публикацијата од 2002, еден вид реиздание посветено на современиот танц, но надополнето и изменето, согласно промените во социјалното и културното миље во последните неколку години.
Во делот од публикацијата насловен како: "Теоретски рефлексии", уредувачкиот тим претставува нови текстови на авторите кои учествуваа во 4-то издание од 2002г. (Бојана Кунст, Горан Сергеј Писташ, Џил Сегман и Мишко Шуваковиќ) како и текстови од нови-млади автори во регионот (Бојана Бауер, Драгана Булут и Марко Костаниќ). Поглавјето насловено како: "Профили на регионалните танц сцени- Белград, Љубљана, Скопје, Загреб" ги презентира новините во танцовите сцени, еден вид надополнување старото издание. Во овој дел е направено мапирање на танцовите сцени кои се развија во регионот од 2000 година, преку претставување на работата на кореографи (Далија Аќин, Бојана Младеновиќ, Нина Мешко, Искра Шукарова, Николина Присташ и Жељка Санчанин) кои ги сочинуваат овие сцени а преку нивната работа се воочува и разликата во функционирањето и развојот на сцените.
Публикацијата опфаќа голем број на различни автори на кои им беше отстапен простор за пишување како место за критички и дисонантни дискурси на релевантни феномени, појави и проблеми во современиот танц и кореографијата: Бојана Бауер, Драгана Булут, Бојана Цвејиќ, Ендрју Хјуит, Ана Исаковиќ, Ивана Ивковиќ, Марко Костаниќ, Бојана Кунст, Андри Лепецки, Горан Сергеј Присташ, Џил Сегман, Билјана Тануровска-Ќулавковска, Мишко Шуваковиќ, Рок Вевар и Ана Вујановиќ.
Издавањето на публикацијата беше финансиски поддржана од ЕУ Програмата Култура 2007-2013 и Швајцарската програма за култура во Западен Балкан, а се реализира како дел од активностите на Номад танц академијата во рамките на европскиот проект Градина на Европа.

### 2.3 ЛОКОМОУШН - ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И ПЕРФОРМАНС

**Фестивалот за современ танц и перформанс *Локомоушн*** има за цел да ги презентира најновите остварувања во доменот на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар) во Европа, регионот и Македонија, и да отвори дискурс за позицијата на оваа современа уметничка форма во Европа и кај нас.
*Главната цел* е преку прикажување на најнови авторски остварувања да се одбележат новите тенденции на европската, регионалната и македонската сцена и да се прикажат новите иновативни уметнички тенденции и истражувања кои преку овој фестивал ќе ја позиционираат Македонија на светската карта на современите изведувачки или перформативни уметности, како и да се овозможи следење на регионалната и интернационалната сцена.
Иновативноста и интердисциплинарниот пристап во развојот на Локомоушн, овозможуваат воведување на нови модели на курирање, креирање на програмските содржини и соработка помеѓу различни културни актери и професионалци од полето на современтите изведувачки и сродни дисциплини.
Фестивалот е замислен, не само како презентација, туку и како проширување на границите на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар на тело, пост драмски – театарски перформанс, музички и визуелен перфроманс) преку програми како *работилници, дебати и дискусии,* кои би развиле различни дискурси за позицијата на оваа уметност во европски, регионални и локални рамки. Локомоушн со своите програмски содржини влијае на професионалците во Македонија, поинтензивно да се инволвираат во развојот на современите изведувачки или перформативни уметности на национално ниво. Исто така, со овој проект се подржува развојот на локалната сцена, и се отовра можност за контекстуализација на развојот на современиот танц во пошироки регионални рамки, а со тоа овозможува и поголема видливост на Македонската современа уметничка сцена и во интернационални рамки.

Фестивалот настана како иницијатива на Локомотива, во партнерство со шест организации од регионот основачи на Балканската танцова мрежа и проектот НОМАД танц академија. Идејата беше да се воспостават неколку фестивали во регионот со што ќе се отворат простори каде ќе може да се продуцира, гледа современа изведувачка уметност, простори кои не постојат и треба да се создадат. Покрај Локомоушн, се основаа и фестивалите: Конденз во Белград, Зврк во Сараево, Антистатик во Софија и Плескавица во Љубљана.
Секое издание на Локомоушн има поднаслов за да го одбележи мотото на фестивалот. Во првото, целта беше да се мотивира публиката да дојде во театар да види што е современ танц, а во второто се потенцираа разните значења на танцот како движење, со што публиката се едуцира за значењето на современата изведувачка уметност.
Затоа и првото и второто издание носеа различни теми - слогани на фестивалот – и тоа: Мрдни се! и Движењето како значење, Танцово тело.
Ова е со цел да се едуцира публиката за современата танцова уметност, односно фестивалот да не биде само „витрина''- туку да има свој концепт и значење – кое ќе допринесе во развој на културните потреби и едукација на публиката.
Третиот фестивал во 2010 го носеше насловот Простор за дијалог. Ова мото е со цел да се предложи дијалог на повеќе рамништа, а едно од нив и приоритетно е со креаторите на културна политика кои се уште во своите програми оваа форма ја сврстуваат во балетска уметност и не даваат простор на младите автори да творат, да ги претставуваат своите дела овде и пошироко во регионот.
Секое мото има своја функција, односно да пренесе одредена порака со што ќе ја истакне улогата на уметноста во негување или градење на општествени вредности и културен развој. Локомотива, со овој фестивал во првите три години (2008, 2009, 2010) беше поддржана преку проектот Jardin d'Europe кој е поддржан во Програмата на ЕУ, Култура 2007-2013.

**Локомоушн 2011**
Четвртото издание на фестивалот во 2011 година се реализираше заедно со фестивалот Конденз од Белград.
Тргнувајќи од позицијата дека на фестивалите може да се гледа како на простори што се појавуваат и исчезнуваат, сфативме дека денес уметниците патуваат низ целиот свет презентирајќи ја својата работа, без можност да влијаат на локалните контексти, да бидат дел од размената, да (на-) учат, или пак да стекнат некое искуство. Оттука, во неолибералниот капитализам фестивалите станаа маркетиншки простор за уметничките дела, во коишто недостасува социјално, едукативно, развојно, разменувачко генерирање на знаењето или логиката на интервенција во контекстот. Токму затоа, во 2011 најголемиот дел од програмата беше посветена на овие недостатоци. Решивме да ги поврземе овие два фестивали и да отвориме поголем простор за комуникација со публиката со тоа што нудиме програма во која границите на авторитетите, просторот, публиката, изведувачите, селекторите, територијата и фестивалот се доведени во прашање.
Конденз и Локомоушн заеднички работеа на развивање на дел од програмата, делејќи ги кураторските и организациските обврски, а во соработка со организацијата *Hybris Kunstproduktion* од Шведска ја развија „Кураторската програма".
„Кураторскиот програм" е развиен од предлозите на учесниците, уметниците, теоретичарите и организаторите, кои се дел од областа на современите изведувачки уметности во Македонија, Србија, Словенија, Романија, Шведска, Франција, Швајцарија...
Кураторскиот програм е развиен со помош на една поразлична фестивалска методологија, односно, наместо селектирање на перформансите од страна на самите селектори или уредувачи на програмата, учесниците беа поканети од страна на кураторите. Поканетите учесници ја предлагаат и ја ко-уредуваат програмата заедно со кураторскиот тим, донесувајќи

различен пристап кон работата, различна креативност, знаење, естетика итн., и притоа се присутни за цело време додека трае фестивалот и Кураторскиот програм.
Идејата беше да се сретнат со публиката со цел заеднички да се обидат да ги ре-изградат фестивалските простори, и да поминат некое време заедно презентирајќи ги своите интереси и знаења, разменувајќи информации и споделувајќи ги истите, учејќи за разликите и сличностите на разните методологии на креирање контекстуални услови и логика.

## 2.4 СОРАБОТКА СО ФЕСТИВАЛИ И ПРОГРАМИ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

Соработка со градот Дижон во рамки на фестивалот Диес.
Културната соработка е важен аспект на програмската размена помеѓу збратимените градови Дижон и Скопје. Во овој контекст, од 2011 Локомотива како организација со значајна улога во креацијата и дисеменација на современата уметничка продукција во Македонија, е партнер кој соработува со градот Дижон.
Во 2011 соработката со мултимедијалнот фестивал Диес - http://www.festivaldiese.com/ опфати презентација на проектот на Локомотива реализиран во 2010 година – 4 Синхронизиран градови (http://www.4tunedcities.org/).
На фестивалот Диес, проектот 4 Синхронизирани градови се претстави како пример на успешна соработка помеѓу 4 независни културни организации: *Dit' e Nat'* (Приштина), *Balkan Buro* (Амстердам), *Kriterion* (Сараево) и Локомотива (Скопје), базирана на моделот на колаборативно кураторство. Публиката на фестивалот Диес имаше можност да види специјално одбрана двочасовна филмска програма како дел од целокуната порграма на проектот 4 Синхронизиран градови.
Филмската програма на 4 Синхронизиран градови се состоеше од 36 филмски наслови одбрани од 9 члена на интернационалниот кураторски тим. Од оваа програма на фестивалот Диес се прикажаа 7 филмски наслови, селектирани од Виолета Качакова и Наташа Димитриевска, и тоа:

СИН ЅИД, ЦРВЕНА ВРАТА – Албан Муја и Јил Цитаку/2009/30 мин./докуметарен филм/Косово
МАНИТОБА – Нина Спиеринг и Мирка Дуијн/2009/11 минути/ кратка фикција/Холандија
СЕ КОЛНАМ ВО СВОЈАТА БРАДА – Себас ван ден Брик/11 минути/ документарен филм/ Холандија
ЦРВЕН КРАЈ – Бетани де Форест и Робин Норда/2009/15 минути/анимиран филм/Холандија
ЕДЕН – Вардан Тозија/2009/20 минути/кратка фикција/ Македонија
ВНАТРЕ – Иван Ивановски/2009/8 минути/анимиран филм/ Македонија
КИБРИТЧЕ – Тони Радевски/2009/12 минути/кратка фикција/ Австралија и Македонија
ГУЛИВЕР – Зденко Башиќ/2009/14 минути/анимиран филм/ Хрватска